Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Бр. 0201 –41/7**
**13.01.2020 година**

Врз основа на член 79 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година), Деканатската управа на седницата одржана на 13.01.2020 година ја донесе следнава

# ПРОЦЕДУРА

## за спроведување на набавки без примена на правилата за јавни набавки

1. Со оваа Процедура се уредува спроведувањето на набавките на кои не се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки (Сл. Весник на РМ“ бр. 24/2019) и подзаконските акти.
2. Набавки чија проценета вредност без ДДВ е помала од вредносните прагови за примена на законот утврдени во член 40 став 1, точка а) од законот се спроведуваат на начин утврден со оваа процедура.
3. Вкупната вредност на набавките под вредносните прагови од член 40 став 1 точка а) од законот не смее да надмине 12.000 евра во денарска противвредност без ДДВ во тековната година.
4. Процедурата се однесува за набавките над 6000 денари.
5. Постапката започнува со поднесување на Барање за реализација на набавка до Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје кое е прилог на оваа процедура (Прилог 1).
6. Набавката се спроведува преку Одделението за финансиски и административни работи кое потврдува дали има слободен износ на средства за реализација на набавката.
7. Средствата за набавката се обезбедуваат од сметката за самофинансирачки активности на Факултетот.
8. Врз основа на потврдата на Одделението за финансиски и административни работи дека се исполнети условите за исклучување од примена на законот и дека има слободен износ на средства за реализација на набавката, Деканот на Факултетот ја одобрува потребата за реализација на набавката.
9. Деканот донесува Одлука со која се одобува потребата за набавка под вредносниот праг согласно член 40 став 1 точка а) од Законот за јавните набавки.
10. Одобреното барање го реализира барателот на набавката со почитување на начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.
11. Евиденцијата на барањата за набавки ја води Одделението за финансиски и административни работи.
12. Лицето за јавни набавки е должно набавките реализирани во согласност со оваа процедура да ги внесе во кварталната евиденција која е јавно достапна на ЕСЈН. Б
13. Процедурата влегува во сила до денот на донесувањето.

Декан
Проф. д-р Лазо Пендовски

МКС EN ISO/IEC 17025

Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

Прилог 1

**До**
**Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје**

**Барање за реализација на набавка**
**согласно член 40 став 1, точка а) од Законот за јавните набавки**

**I.** За редовно работење имаме потреба за реализација на набавка на следните стоки/услуги/работи:

1. Вид и количина:
......................................................................................................................................................
......................................................................................................................................................

2. Причина и образложение за барање за реализација на набавката:
......................................................................................................................................................
......................................................................................................................................................

3. Планирана вредност на набавката: ______________ денари.

4. Начин на плаќање: ( *да се заокружи еден од начините на плаќање* )

4.1. Со Авансна фактура ( *жирално плаќање пред испорака / извршување* )
4.2. Со Фактура ( *жирално плаќање по испорака / извршување* )
4.3. Со Фискална сметка и сметкопотврда* ( *готовинско плаќање*)
*Согласно Законот за платниот промет, плаќањето во готово не може поединечно да биде поголемо од 6.000,00 денари.

Скопје, _______ 2020 година

Барател,

________________________________

**II.** Одделението за финансиски и администартивни работи потврдува дека ИМА слободен износ на средства за реализација на набавката .

Скопје, _______ 2020 година

Раководител

________________________________

III. Деканот на Факултетот ДАВА согласност за реализација на набавката.

Скопје, ________2020 година

Согласен,
Декан,

________________________________

**МКС EN ISO/IEC 17025**

Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Бр. 03 – 3**
**2.01.2020 година**

Врз основа на член 14 од Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење („Сл. Весник на РМ“ бр. 99/2014) и член 67 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година), деканот на Факултетот го донесе следново

# Р Е Ш Е Н И Е
## за попис на акти за 2020 година

1. На Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје попис на акти во 2020 година ќе се води за следниве акти:

| | |
|---|---|
| 05-1 | Фактури и други финансиски документи |
| 05-2 | Набавки согласно член 40 став 1, точка а), алинеа 1 од Законот за јавните набавки |

2. Решението да се достави до советникот за деловно работење, раководителот на Одделението за финансиски и административни работи и лицето задолжено за јавни набавки.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан ,

Проф. д-р Лазо Пендовски

Доставено до:
1. Именуваните
2. Архива
3. Досие

MKC EN ISO/IEC 17025

Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk